Врз основа на Одлука донесена на Седницата одржана на 08.12.2010 година, Управниот Одбор на ШФМ, распишува:

# КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА СЕЛЕКТОРИ

1. **Селектор на машка шаховска репрезентација на Македонија**
   1.1. Носител на меѓународна шаховска титула (ИМ или ВМ)
   1.2. Шаховски авторитет
   1.3. Добар познавач на шаховските прилики кај нас и во светот
   1.4. Играчки стаж и тренерско искуство

2. **Селектор на женска шаховска репрезентација на Македонија**
   2.1. Носител на меѓународна шаховска титула (ФМ, ИМ или ВМ)
   2.2. Шаховски авторитет
   2.3. Добар познавач на шаховските прилики кај нас и во светот
   2.4. Играчки стаж и тренерско искуство

Селекторите се бираат на две години со можност да им биде продолжен мандатот за уште две.
**Кандидатите за селектори треба да приложат:**

1. Програма за работа
2. Критериуми за избор на репрезентативците, поаѓајќи од принципите дека:
   - Шаховската репрезентација на Македонија ќе ја претставуваат шахистите со најдобри резултати и натпреварувачки континуитет
   - Чест и должност на секој селектиран шахист е да ја презентира својата земја на најдобар можен начин
3. Професинална биографија со аргументи кон точките 2, 3 и 4 од конкурсните критериуми.

Селекторите се одговорни за избор на натпреварувачкиот состав и техничката подготвеност на екипата , и ги имаат следните обврски:

- Да го предлагаат составот на репрезентациите до Управниот Одбор
- Предлози за нивно учество на турнири
- Организирање заеднички и индивидуални подготовки на репрезентативците
- Инсистирање на одговорен и професионален однос на играчите
- Грижа за позитивна атмосфера во репрезентацијата и мотивација на играчите со победнички дух

Пријавите и доказите за исполнување на конкурсните критериуми кандидатите треба да ги достават до Шаховската Федерација на Македонија во печатена форма.
Конкурсот трае до 10 Јануари 2011 година.

Скопје, 20.12.2010 година

Шаховска Федерација на Македонија
Претседател,
Лидија Софревска Андонова